МРТ 1

# МАКЕДОНСКА ТЕЛЕВИЗИЈА
# ПРВ СЕРВИС

# 1. ТЕМИ ЗА КОИ ИЗВЕСТУВАШЕ

Во известувачкиот период Македонската телевизија на својот прв програмски сервис објави 94 прилози што се однесуваат на политичките субјекти, состојби и процеси. Во централниот дневник на МТВ1 е застапен поширок репертоар на теми и ниедна не надминува 20 отсто од вкупниот број прилози. Најмногу прилози се објавени за предизборните активности на партиите (18), за 25-годишнината од независноста (13), како и работата на институциите (12), подготовката на изборите и проблематичната изборна единица 6 (10), последиците од поплавите и работата на СЈО (по 8), состојбите во економијата (5), проекти и мерки на Владата (3) и други теми.




**Број на прилози на МТВ1 според теми (5 - 9 и 11 - 16 септември)**

| | |
|---|---|
| Тема 1 | Организацијата на предвремените парламентарни избори (подготовката на избирачкиот список, проблемот со прекумерниот број гласачи во шестата изборна единица итн). |
| Тема 2 | Предизборни активности на политичките партии (сите активности што вклучуваа најави, ветувања и реакции на нив). |
| Тема 3 | Промоција на проекти и мерки на Владата (мерките, најчесто во земјоделството, ги промовираа владини претставници од ВМРО-ДПМНЕ). |
| Тема 4 | Проекти и мерки на Владата во чија промоција политичките партии и лидери |
| Тема 5 | Предизборни ветувања на владините претставници |
| Тема 6 | Други активности на владините претставници |
| Тема 7 | Работата на Специјалното јавно обвинителство (вклучувајќи и други теми поврзани со СЈО, како очекувањето Уставниот суд да се изјасни за неговата уставност) |
| Тема 8 | Справување со последиците од поплавите во август (вклучувајќи ги и собраниските седници на оваа тема) |
| Тема 9 | Одбележување 25 години од независноста на Македонија (вклучувајќи ги и аналитичките прилози за тоа до каде стигнала државата) |
| Тема 10 | Чествување на Мајка Тереза |
| Тема 11 | Најавата од Зоран Заев за проширена употреба на албанскиот јазик |
| Тема 12 | Состојбите во економијата (долгот на државата кон стопанството, статистиките за невработеноста, подготовката на буџетот) |
| Тема 13 | Задолжувањата и јавниот долг |
| Тема 14 | Медиумите и медиумската работа |
| Тема 15 | Работата на институциите |
| Тема 16 | Други теми |

# 2. ПОЛИТИЧКИ СУБЈЕКТИ




**Број на прилози и начин на врамување на политичките субјекти (5 - 9 и 11 - 16 септември)**

Најзастапен субјект во вестите е партијата СДСМ, во 54 прилози (57 со министрите и со коалицијата. ВМРО-ДПМНЕ е присутна во 34 прилози, или вкупно 48 заедно со тие во кои се вклучени функционерите од партијата и коалициските партнери. Во 46 прилози се застапени некатегоризирани субјекти, во кои спаѓаат јавните претпријатија, државните служби, Стопанската комора, граѓанските организации, помали партии (Левица, Достоинство, ДС), организациите на дијаспората, Европската унија и други. Специјалното јавно обвинителство беше застапено во девет прилози, а за неговите активности се известуваше на почетокот од вестите.

МТВ1 ги следеше актуелните случувања и соодветно ги пренесуваше според нивната важност, без никакво фаворизирање или запоставување на некој политички субјект. Телевизијата емитуваше целосни и сеопфатни информации за настаните, без да навлегува во подлабоки анализи или да дава критички осврти.

# 3. КОРИСТЕЊЕ НА ИЗВОРИТЕ

Во најголемиот број прилози (48) на МТВ еден е користен само по еден извор. Различните гледишта во дел случаи се презентираат и со последователни прилози на истата тема. Тоа е случај кога се пренесуваа реакции од опозицијата за различни случувања (избор на судии, проектот Македонија вработува, 5 септември), или кога институции или владејачката партија реагира на активностите на СДСМ. Во само еден од 12-те прилози со по два извора има спротивставени гледишта, но тоа е почест случај во прилозите со по три или повеќе извори.




**Користење на изворите во вестите на МТВ1 (5 - 9 и 11 - 16 септември)**